Република Северна Македонија

**ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 02-856/1
25.07., 2019

Врз основа на член 34, став 1, алинеја 20, од Статутот бр.07-124/2 од 11.02.2004 година, директорот на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (ИСРСМ) донесе

# ОДЛУКА

### Член 1

За Менаџер за квалитет за воведување и следење на системот за управување со квалитет се назначува Вилијам Христовски, стручен соработник за рударство и металургија во Одделение за стандарди во Сектор за стандардизација при ИСРСМ.

### Член 2

Менаџер за квалитет за воведување и следење на системот за управување со квалитет има овластувања и одговорности за следното:

- контрола и надгледување на функционирање на системот за квалитет,
- прибирање податоци за состојбата на системот за квалитет (Анкети од корисници, статистички податоци доколку се водат),
- одобрување на договорите во однос на системот за квалитет,
- разбирање на политиката за квалитет,
- воведување на системот за обезбедување на квалитет,
- доделување и распределување одговорности на вработените во институцијата
- администрација и одржување на системот за квалитет,
- креирање и изработка на документацијата на системот за квалитет,
- подготовка на проверка на добавувачите
- пропаганда на квалитетот,
- организација на интерни и екстерни аудити,
- истражување на причините за неусогласеностите,
- спроведување на корективни мерки,
- подобрување и ресертификација на системот за квалитет,
- следење на спроведувањето и информирање на директорот за состојбата со квалитет.

Менаџерот за квалитет во врска со системот за квалитет комуницира со надворешни соработници и нивно ангажирање.

### Член 3

За Заменик Менаџер за квалитет за воведување и следење на системот за управување со квалитет се назначува Тоде Темов, советник за податоци за стандарди и техничко уредување во Одделение за податоци за стандарди и техничко уредување во Сектор за промоција и развој на стандарди при ИСРСМ.
Заменик Менаџерот за квалитет за воведување и следење на системот за управување со квалитет, во случај на отсуство на Менаџерот за квалитет поради службен пат, годишен одмор, боледување или други причини го заменува Менаџерот за квалитет за воведување и следење на системот за управување со квалитет.
Заменик Менаџерот за квалитет во врска со системот за квалитет, во случај на отсуство на Менаџерот за квалитет, комуницира со надворешни соработници и нивно ангажирање.


Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
Ул. „Јуриј Гагарин" бр. 15, 1000 Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3247 150
www.isrm.gov.mk

**Член 4**

Заменик Менаџерот за квалитет за воведување и следење на системот за управување со квалитет ги има следните овластувања и одговорности:

- прибирање на податоци за состојбата на системот за квалитет (Анкети од корисници, статистички податоци доколку се водат)
- администрација и одржување на системот за квалитет
- креирање и изработка на документација на системот за квалитет
- подготовка на проверка на добавувачите
- пропаганда на квалитетот
- учество во организирање на интерни и екстерни аудити
- истражување на причините за неусогласеностите,
- проверка на спроведувањето на корективните мерки

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**ДИРЕКТОР**

**м-р Џеват Кицара**

ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

Подготвил: Филип Тасков


Институт за стандардизација на Република Северна Македонија
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, 1000 Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3247 150
www.isrm.gov.mk